Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 18 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 51/19, 54/19, 214/19, 114/20, 246/20 и 44/21), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 2 јануари 2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ „ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104” издадена на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/21, 272/21, 105/22, 185/22, 6/23, 112/23, 172/23, 240/23, 79/24,158/24, 195/24).
2. Во Прилог 1 точка 4 зборовите „5 јануари 2025 година” се заменуваат со зборовите „5 октомври 2025 година“.
3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово, со седиште на ул. „Илинденска” бр.309-кат.6 Тетово (во понатамошниот текст: Друштво), на 20 декември 2024 до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), во согласност со Правилникот за лиценци, поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ „ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104”, преку која треба да ја врши енергетската дејност производство на електрична енергија, УП1 бр.12-804/24 од 20 декември 2024.

Регулаторната комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на привремена лиценца за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија за МХЕЦ „ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 55/21) и Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за МХЕЦ „ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104” („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 65/21, 272/21, 105/22, 185/22, 6/23, 112/23, 172/23, 79/24, 158/24 и 195/24).

Согласно член 8 став (5) од Правилникот за лиценци, Регулаторната комисија за енергетика на 25 декември 2024 година на својата веб страница објави Соопштение за поднесеното Барање.

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во член 7 и Прилог 1 точка 12, односно во Образецот БЛ 12 од Правилникот за лиценци во оригинал. Друштвото го комплетираше Барањето на 27 декември 2024 година.

Продолжувањето на лиценцата за пробна работа е побарано за период од 9 месеци, а како причина е наведено следното:

„Поради закаснување со постапката на административните активности и постапките низ државните институции на технички прием, бараат да им се продолжи концесијата од Министерството за енергетика која сеуште е во постапка одобрувањето на продолжување до крајот на 2024 година. Исто така бараат од страна на Регулаторната комисија за енергетика да се продолжи лиценцата за пробна работа".

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини на 27 декември 2024 година до Регулаторната комисија за енергетика по електронски пат достави Известување бр. 14-428/4 од 26 декември 2024 година со коешто, покрај другото, информираше дека Концесионерот Ани Енергетика ДОО Тетово до Министерството за економија има доставено барање за продолжување на рокот за комерцијална работа за малата хидроелектрична централа за локација МХЕЦ 104 Габровска река.

Согласно горенаведениот допис Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини до Владата на Република Северна Македонија достави Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за малата хидроелектрана на наведената локација, со која и се предложи на Владата да го продолжи рокот за почеток со комерцијална работа како што е наведено погоре и да се склучат Анекси на предметните Договори за концесија. Согласно известувањето, рокот за почеток на комерцијална работа за МХЕЦ 104 Габровска река е до 10.04.2025 година.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-13/1 од 2 јануари 2025 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 2 јануари 2025 година одржа седница на којашто врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 17 и член 43 став (3) од Законот за енергетика* и член 26 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување на лиценца за пробна работа на малата хидроелектроцентрала МХЕЦ "ГАБРОВСКА РЕКА со реф.бр.104" на Друштвото за производство на хидроелектрична енергија АНИ-ЕНЕРГЕТИК ДОО Тетово.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 бр.12-804/24**
**2 јануари 2025 година**
**Скопје**

**Претседател**
**на Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија**

**Марко Бислимоски**